2760

**P R E S - S E R V I S**

NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting ВЕЧЕР
Скопје
24. II. 1967

### Млада генерација на македонската скулптура

# НОВА ОРИЕНТАЦИЈА

**● МАНЕВСКИ, АНДРЕЕВСКИ, ВАСИЛЕВ И БЕКАРОВСКИ ГОВОРАТ ЗА СВОИТЕ ЛИКОВНИ ПРЕОКУПАЦИИ**

**Деновиве во изложбениот салон на Музејот на современа уметност во Скопје е презентирана изложба на 6-мина уметници, претставници на младата генерација на современата македонска скулптура.**

Стефан Маневски, Томислав Андреевски, Васил Василев, Насо Бекаровски, Драган Попоски — Дада и Борис Николовски се 6-те скулптури застапени на оваа изложба кои се вклучени во различните стремежи и насоки, во чии рамки секој ни се претставува со аргументот на својот креативен израз и стил:

**С. МАНЕВСКИ:** — Во моите први творби очигледна беше фигуративната [illegible] на која се трудев да ѝ дадам архаична стилизација. Подоцна, под импресија на катастрофалниот скопски земјотрес содржината на моите скулптури беше напоена со трагиката на човековата судбина. Во моите творби презентирани на оваа колективна изложба, се стремев, со редуцирање на железото до клетка што претставува знак и симбол, да создадам ритми во чија внатрешност самите ќе го оправдаат своето лирско суштествување.

**Т. АНДРЕЕВСКИ:** — Мене првенствено ме привлекува креацијата на ангажирана скулптура. За тоа најдобро може да посведочи мојата креација на споменикот во Кавадарци. Во моите скулптури го вградувам чувството за силата и виталноста. Би сакал да истакнам дека ми е мошне драго што настапувам на оваа изложба со уште пет млади и талентирани македонски скулптори.

**В. ВАСИЛЕВ:** — По завршување на Академијата за ликовна уметност ова е мој прв настап на изложба. Би сакал да му се заблагодарам на Музејот на современа уметност што ми овозможи да настапам на оваа колективна изложба. Тоа за мене претставува голема поддршка и поттик за остварување на мојата тенденција кон една нова ориентација на скулптурата.

**Н. БЕКАРОВСКИ:** — Во моите скулптури застапени на оваа изложба, се стремев да им дадам еден потенциран внатрешен валер и сензибилитет за да постигнам еден посинтетичен степен на одразот на човековата психологија. Творбите застапени на оваа изложба претставуваат една нова фаза на моето творештво.

**Т. Ширилов**